Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

март, 2019 година

# СОДРЖИНА

Резиме ....................................................................................... 2

I. Реален сектор

Индустриско производство ..................................................... 3

Број на работници во индустријата ....................................... 5

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ......... 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ........ 6

Инфлација ................................................................................ 7

Берзански цени ......................................................................... 8

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ......................................................................................... 9

Увоз ......................................................................................... 10

Салдо на трговска размена ................................................... 11

Валутна структура .................................................................. 11

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ...... 12

Приходи по буџетски корисници ........................................... 13

Буџетски расходи според економската класификација ...... 15

Расходи по буџетски корисници ............................................ 16

Буџетско салдо ........................................................................ 18

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРСМ ...... 18

Плати ....................................................................................... 19

Пензии ..................................................................................... 19

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ........................................................................ 21

Депозитен потенцијал ............................................................ 21

Кредити на банките ................................................................ 22

Каматни стапки на депозитни банки ..................................... 23

Пазар на капитал ..................................................................... 23

Девизни резерви ..................................................................... 23



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

март, 2019 година

- Индустриското производство во март 2019 година забележа раст од 7,5% во споредба со истиот месец претходната година;

- Потрошувачките цени во март 2019 година се зголемија за 1,4% во однос на март 2018 година, по растот од 1,1% во февруари 2019 година;

- Во периодот јануари - март 2019 година извозот забележа раст од 16,8%, а увозот од 11,5%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 3,1%, споредено со истиот период од 2018 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – март 2019 година изнесуваа 46.076 милиони денари, односно 6,6% од БДП, што претставува поголемо остварување за 6,2% во однос на истиот период од 2018 година;

- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари - март 2019 година изнесуваа 49.270 милиони денари, односно 7,1% од БДП, што е за 6,0% повеќе во однос на истиот период од 2018 година;

- Вкупните кредити на банките во март 2019 година се зголемија за 9,0% во споредба со март 2018 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 11,1%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во март 2019 година забележа раст од 7,5% во споредба со истиот месец претходната година. Главен двигател на растот е секторот Преработувачка индустрија со раст од 8,8% (придонес од 6,8 п.п.), а раст е забележан и во секторот Рударство и вадење камен од 10,8% (придонес од 1,2 п.п.), додека во секторот Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација е забележан пад од 4,6% (придонес од -0,6 п.п.).

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Раст на производство во март 2019 година бележат 16 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 59,5% од структурата на вкупното производство. Меѓу гранките со повисока додадена вредност, најголем придонес во март 2019 година е забележан кај производството на машини и уреди од 41,2% и придонес од 4,0 п.п., а значителен раст има и кај производството на електрична опрема од 19,7% и придонес во вкупното производство од 0,8 п.п.. Производството на прехранбени производи во март 2019 забележа пад од 2,5% и негативен придонес од 0,2 п.п. во вкупното производство. Особено висок раст во март 2019 година е забележан кај поправка и инсталирање машини и опрема од 114,1%, но поради незначителното учество на овој сектор истиот придонесува само со 0,6 п.п.. Производството на пијалаци и натаму бележи двоцифрен раст, кој во март 2019 година изнесува 34,5% со придонес од 4,0 п.п., со што претставува сектор со втор највисок придонес.

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Согласно податоците по наменски групи, раст е забележан во групите Капитални производи од 20,2% (придонес од 4,5 п.п.) и Интермедијарни производи, освен енергија од 13,3% (придонес од 3,9 п.п.). Од друга страна, пад бележат групите

Нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,2% (придонес од -0,4 п.п.), Трајни производи за широка потрошувачка од 11,1% (придонес од -0,3 п.п.) и Енергија од 0,8% (придонес од -0,1 п.п.).

Кумулативните податоци укажуваат дека производството во првите три месеци од 2019 година бележи раст од 8,8%, што во најголем дел се должи на растот во секторот Преработувачка индустрија од 6,9% (придонес од 5,3 п.п.), а во помала мера на растот во секторите Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 15,9% (придонес од 1,9 п.п.) и Рударство и вадење камен од 4,1% (придонес од 0,4 п.п.).

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




1 - Производство на машини и уреди
2 - Производство на пијалаци
3 - Производство на др. неметални минерални производи
4 - Производство на ел. опрема
5 - Поправка и инсталирање на машини и опрема

Извор: ДЗС.

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




1 - Производство на облека
2 - Производство на фабрикувани метални производи
3 - Снабдување со е. енергија, гас, пареа и климатизација
4 - Останата производствена индустрија
5 - Производство на тутунски производи

Извор: ДЗС.

Податоците од анализата по гранки укажуваат дека раст е забележан кај 14 од вкупно 27 гранки, кои сочинуваат 69,3% од структурата на вкупното индустриско производство. Од гранките со позначително учество во структурата, раст е забележан кај производството на машини и уреди од 23,8% и придонес од 2,3 п.п., снабдувањето со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 15,9% и придонес од 1,9 п.п., производството на моторни возила од 13,9% и придонес од 1,4 п.п., како и кај прехранбената индустрија од 2,0% и придонес од 0,2 п.п..

Кај наменските групи, растот во периодот јануари - март 2019 година е главно резултат на зголеменото производство во сите групи, и тоа: Капитални производи од 12,3% (придонес од 2,7 п.п.), Интермедијарни производи, освен енергија од 9,0% (придонес од 2,6 п.п.), Енергија од 16,2% (придонес од 2,3 п.п.), Нетрајни производи за широка потрошувачка од 0,3% (придонес од 0,1 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка од 2,0% (придонес од 0,1 п.п.).



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во март 2019 година е намален за 0,8%. Падот е предизвикан од намалувањето на бројот на работници во секторите Преработувачка индустрија од 0,9% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,4%, додека во секторот Рударство и вадење камен е забележан раст од 0,4%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во март 2019 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има во групите Капитални производи од 9,3% и Интермедијарни производи, освен енергија од 0,2%, додека пад е забележан во групите Нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,7%, Трајни производи за широка потрошувачка од 4,6% и Енергија од 0,8%.

На кумулативна основа, во периодот јануари - март 2019 година е забележан раст на бројот на работници од 0,4%, кој се должи на растот во секторите Преработувачка индустрија и Рударство и вадење камен од по 0,4%, додека бројот на работници во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е непроменет.

Согласно податоците за наменски групи, во првите три месеци од 2019 година е забележан раст во групите Капитални производи од 13,6% и Интермедијарни производи, освен енергија од 0,9%, додека пад е забележан во групите Нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,9%, Трајни производи за широка потрошувачка од 3,6% и Енергија од 0,5%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во март 2019 година е поповолна во однос на февруари 2019 година, како и во однос на истиот месец од 2018 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во март изнесува 69,0%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец, кога изнесувало 68,8%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е зголемена за 2,0 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во март имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 25,6%,



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

недоволната странска побарувачка со 16,1%, недоволната домашна побарувачка со 14,6%, неизвесното економско опкружување со 10,7%, финансиските проблеми со 7,8%, недостигот на суровини со 6,1% и конкурентниот увоз со 6,0%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во март 2019 година во однос на февруари 2019 година е понеповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се поповолни во однос на претходниот месец, а залихите на готови производи на месечна основа се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во март 2019 година издадени се вкупно 277 одобренија за градење, што претставува раст од 31,3% во однос на март 2018 година. Споредено со претходниот месец, бројот на издадени одобренија за градење бележи раст од 81,0%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во март 2019 година на годишна основа се зголеми за 83,2%. Вредноста на објектите во однос на претходниот месец е зголемена речиси трикратно.

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 106 (или 38,3%) се наменети за објекти од високоградба, 35 (или 12,6%) за објекти од нискоградба и 136 (или 49,1%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 277 издадени одобренија за градба, на 125 објекти (или 45,1%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 152 објекта (или 54,9%) инвеститори се деловни субјекти.

Во март 2019 година предвидена е изградба на 276 станови, со вкупна корисна површина од 28.520 $м^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечна основа е двократно зголемен, а во однос на март 2018 година е намален за 19,3% .

## Инфлација

Потрошувачките цени во март 2019 година се зголемија за 1,4% во однос на март 2018 година, по растот од 1,1% во февруари 2019 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари – март 2019 година изнесува 1,2%.




Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во март се зголемија за 2,9% на годишно ниво. Највисок годишен раст на цените во март 2019 година е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 8,6%, следена со порастот на цените во категориите: Здравје од 2,9%, Рекреација и култура од 2,2%, Ресторани и хотели од 1,9% и Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 1,2%.

Годишен пад на цените во март 2019 година е регистриран во категориите Транспорт од 2,8%, Облека и обувки од 1,7%, Комуникации од 1,3%, Образование од 0,5% и Домување, вода, електрика, гас и други горива и Останати стоки и услуги од по 0,1%.

Потрошувачките цени во март 2019 година се зголемија за 0,4% во однос на претходниот месец. Притоа раст на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 3,6%, Храна и безалкохолни пијалаци од 0,7%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,5% и Рекреација и култура од 0,4%.




Намалување на цените на месечно ниво е забележано во категориите: Облека и обувки од 1,1%, Транспорт од 0,3% и Останати стоки и услуги од 0,2%, додека цените во категориите Домување, вода, електрика, гас и други горива, Здравје, Комуникации, Образование и Ресторани и хотели останаа непроменети.

Цените на мало во март 2019 година во однос на истиот месец претходната година се зголемени за 0,4%, а на месечна основа останаа непроменети.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во март 2019 година споредено со февруари 2019 година се зголеми за 3,6% и изнесува 66,4 долари за барел. Во однос на истиот месец од 2018 година, цената на нафтата е речиси непроменета.

**Графикон 1.9:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

**Графикон 1.10:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Што се однесува до металните производи, во март 2019 година никелот како значаен извозен производ се тргуваше со просечна цена од 13.026 долари за еден метрички тон ($/мт) и на месечна основа бележи раст на цената од 2,7%. Споредено со март 2018 година, цената на никелот се намали за 2,7%. Покрај никелот, зголемување на цените во март 2019 година бележат и останатите основни метали, освен оловото, чијашто цена опадна за 0,8%. Така, цената на цинкот се зголеми за 5,3%, на бакарот за 2,2%, на калајот за 0,6% и на алуминиумот за 0,4%. На месечна основа, цената на железната руда во март се намали за 2,0%.

Во однос на благородните метали, цените на среброто и златото во март 2019 година споредено со претходниот месец бележат пад од 3,3% и 1,5%, соодветно, додека цената на платината се зголеми за 3,0%.

Цената на пченицата на светските берзи во март 2019 година бележи месечен пад од 6,0%, а цената на пченката од 1,9%.

# *2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешнотрговска размена во првите три месеци од 2019 година изнесува 3.517,6 милиони евра, што претставува раст од 13,7% во однос на истиот период минатата година.

Во периодот јануари - март 2019 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 28), како најголем трговски партнер, е намалено за 1,5 п.п. споредено со истиот период од претходната година, и изнесува 71,1%.

## Извоз

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 2.2:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - март 2019 година изнесува 1.529,2 милиона евра и бележи раст од 16,8% (219,7 милиони евра) во однос на истиот период од 2018 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 21,8%.

Вредноста на извезените стоки во март 2019 година изнесува 584,0 милиони евра и бележи раст од 37,0% (157,8 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се зголемил за 35,8%.

Анализирано на месечно ниво, во март 2019 година извозот бележи раст од 10,2% (54,2 милиона евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 2,7%.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - март 2019 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 45,9% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари - март 2019 година споредено со истиот период од 2018 година, извозот бележи раст кај сите групации и тоа: ЕУ 28, ЕФТА, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 15,4% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 14,9%, при

што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 84,0% и 9,8% соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - март 2019 година изнесува 1.988,4 милиони евра и бележи раст од 11,5% (204,8 милиони евра) во однос на истиот период од 2018 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 22,9%.

Вредноста на увозот во март 2019 година изнесува 738,9 милиони евра, што претставува раст од 14,6% (94,1 милион евра) во однос на истиот месец од 2018 година, а увезените количини стоки се зголемени за 17,4%.

Анализирано на месечно ниво, во март 2019 година увозот бележи раст од 8,8% (59,5 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 2,3%.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

**Графикон 2.4:** Структура на увозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2018 | I - III - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 4,5 | 10,0 | 5,4 | 120,7 |
| Мил. ЕУР | 279,0 | 330,7 | 51,7 | 18,5 |
| Мил.$ | 343,0 | 375,5 | 32,5 | 9,5 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2018 | I - III - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 6,7 | 8,6 | 1,9 | 28,6 |
| Мил. ЕУР | 49,7 | 54,3 | 4,6 | 9,2 |
| Мил.$ | 61,2 | 61,6 | 0,4 | 0,7 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2018 | I - III - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 178,5 | 202,9 | 24,4 | 13,7 |
| Мил. ЕУР | 106,4 | 145,5 | 39,1 | 36,8 |
| Мил.$ | 131,1 | 165,0 | 34,0 | 25,9 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2018 | I - III - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 241,1 | 245,6 | 4,6 | 1,9 |
| Мил. ЕУР | 128,5 | 125,0 | -3,5 | -2,7 |
| Мил.$ | 158,3 | 141,7 | -16,5 | -10,4 |

*)Претходни податоци



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2018 | I - III - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 14,8 | 19,7 | 4,9 | 33,3 |
| Мил. ЕУР | 190,8 | 241,4 | 50,6 | 26,5 |
| Мил.$ | 234,9 | 273,9 | 39,0 | 16,6 |

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2018 | I - III - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 14,7 | 15,2 | 0,5 | 3,7 |
| Мил. ЕУР | 165,7 | 178,0 | 12,3 | 7,4 |
| Мил.$ | 203,9 | 202,1 | -1,8 | -0,9 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - март 2019 година, трговскиот дефицит се намали за 3,1% односно 14,9 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во март 2019 година трговскиот дефицит се намали за 29,1% односно 63,7 милиони евра споредено со март 2018 година.

**Графикон 2.5:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат од намалувањето на негативното салдо во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема и храна и пијалаци, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема и стоки за широка потрошувачка. Од друга страна, кон зголемување на дефицитот дејствуваше проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки и горива и мазива.

Во периодот јануари - март 2019 година, 87,5% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција и Кина, а потоа следуваат: Србија, Јужна Африка, Турција, Италија, Украина, Полска и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Шпанија и Унгарија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 85,6% од трговската размена во периодот јануари - март 2019 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2018 година претставува намалување за 2,5 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,9% и 80,0%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 1,3 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е намалена за 3,7 п.п. во однос на периодот јануари - март 2018 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - III - 2018 | | | | | I - III - 2019 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 1.041,2 | 1.492.817.716 | 61,5580 | 91.894.872.948 | 83,7 | 1.060,5 | 1.591.287.000 | 61,5252 | 97.904.250.903 | 80,0 | 98.469.284 | 6,6 |
| УСД | 262,5 | 336.337.652 | 50,0967 | 16.849.406.450 | 15,3 | 543,2 | 429.102.118 | 54,1702 | 23.244.547.554 | 19,0 | 92.764.466 | 27,6 |
| ГБП | 1,6 | 7.374.412 | 69,6764 | 513.822.447 | 0,5 | 1,1 | 5.498.481 | 70,4783 | 387.523.560 | 0,3 | -1.875.931 | -25,4 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 1.305,3 | | | 109.258.101.845 | 99,0 | 1.604,8 | | | 121.536.322.017 | 99,3 | | |
| вк извоз: | 1.309,2 | | | 109.801.321.764 | 100,0 | 1.609,1 | | | 122.337.628.744 | 100,0 | | 11,4 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# *3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – март 2019 година изнесуваа 46.076 милиони денари, односно 6,6% од БДП, што претставува поголемо остварување за 6,2% во однос на истиот период од 2018 година.

Даночните приходи во наведениот период се реализирани во износ од 26.272 милиона денари и во однос на истиот период од претходната година се зголемени за 2,9%.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 12.123 милиони денари, што претставува зголемување за 5,2% во однос на минатата година, со доминантно учество во вкупните даночни приходи од 46,1%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто-износ од 17.996 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 5.872 милиона денари (бруто наплатата е повисока за 4,7%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 3,9% споредено со истиот период од 2018 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз кој забележува поголемо остварување за 3,6%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 7,4%.

Акцизите се остварени во износ од 5.129 милиони денари (учество од 19,5% во даночните приходи), што претставува намалување од 9,5% во споредба со истиот период од 2018 година. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 17.252 милиона денари, што претставува 65,7% од вкупните даночни приходи во овој период.

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 4.053 милиони денари и забележуваат раст од 12,1% на годишна основа, при што 64,1% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 9,2% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 6,3% од приходи по основ на договор на дело, 5,5% од приходи од имот и имотни права и 4,9% од приходи од капитал. Приходите од данокот на добивка во првите три месеци изнесуваат 3.431 милион денари и забележаа поголемо остварување за 7,9% во однос на истиот период претходната година, што е резултат на данокот наплатен по основ на месечни аконтации (зголемување од 13,2%), задржаниот данок за странски правни лица (зголемување од 6,2%), додека доплатите по даночни биланси се намалија за 5,5%.

Приходите од царина се остварени во износ од 1.408 милиони денари и се непроменети во однос на истиот период минатата година. Приходите од други даноци со остварен износ од 128 милиони денари забележаа помало остварување за 3,0%.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 14.061 милион денари, што претставува поголемо остварување за 7,7% споредено со истиот период од 2018 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 7,7%, кај придонесите за вработување за 6,3% и кај придонесите за здравствено осигурување за 7,8%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 4.324 милиони денари и во однос на првите три месеци од 2018 година забележаа поголемо остварување од 35,3% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 218 милиони денари, што е намалување од 52,2% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 888 милиони денари и се зголемени за 12,7% во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет, се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата[1] и

[1] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите

во периодот јануари - март 2019 година изнесуваат 32.261 милион денари, односно 92,9% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 20,2% од годишниот план на овој буџетски корисник.

**Графикон 3.2:** Структура на приходите на Министерството за финансии – функции на државата




Извор: МФ.

Во рамки на разделот Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи кои претставуваат 80,6% од вкупните приходи и приливи, при што нивната наплата во периодот јануари - март 2019 година изнесува 21,9% од годишниот план. Приливот на средства по основ на домашно задолжување за овој период изнесува 4.217 милиони денари, што претставува 13,1% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

Министерството за образование и наука оствари приходи во износ од 898 милиони денари, односно 2,6% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел од тој износ (87,0%) претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци.

Министерството за финансии како буџетски корисник оствари приходи во износ од 310 милиони денари, што претставува 0,9% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници. Приливот на средства по основ на отплата на трансфери и донации изнесува 164 милиони денари и претставува 52,8% од вкупните приходи на овој буџетски корисник.

Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 3,7% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (*http://finance.gov.mk/mk/node/693*).

Во однос на буџетските фондови, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во периодот јануари - март 2019 година оствари приходи во износ од 18.392 милиона денари што претставува 25,4% од годишниот план на Фондот.

---

на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари - март 2019 година изнесуваа 49.270 милиони денари, односно 7,1% од БДП, што е за 6,0% повеќе во однос на истиот период од 2018 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 47.656 милиони денари учествуваа со 96,7% и се зголемени за 6,6% на годишно ниво.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 6.751 милион денари што претставува зголемување за 3,2% во однос на претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,7%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 3.467 милиони денари и споредено со истиот период од 2018 година забележаа зголемување од 6,9%.

**Графикон 3.3:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 35.500 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 6,0% споредено со јануари - март 2018 година и истите учествуваа со 72,1% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 25.983 милиони денари, забележаа раст од 8,9% и учествуваа со 52,7% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 16.076 милиони денари, што е зголемување за 8,9% споредено со 2018 година и учествуваат со 32,6% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 18,6%, односно забележаа помала реализација за 1,2%, а се реализирани во износ од 9.144 милион денари. Блок дотациите кон единиците на локалната самоуправа во износ од 4.138 милиони денари забележаа зголемување од 5,0%, во споредба со претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 4.433 милиони денари што е намалување од 6,8% споредено со минатата година.

Каматните расходи изнесуваат 1.938 милиони денари, што е за 36,7% повеќе во споредба со истиот период од 2018 година. Расходите за камати од домашно задолжување се намалени за 18,3%, додека каматите од странско задолжување се зголемени за 135,5%. Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 1.614 милиони денари со структурно учество од 3,3% во

вкупните расходи, односно забележаа пониска реализација за 10,0% во споредба со истиот период од 2018 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 81,0% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари - март 2019 година реализираше 10.837 милиони денари или 24,3% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (73,5%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 7.963 милиони денари или 26,3% од средствата наменети за 2019 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 18,1% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 19,1% (1.958 милиони денари) од планираните за 2019 година.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели




Извор: МФ.

Во првите три месеци од 2019 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[2] реализирани се 7.901 милион денари, што претставува 23,6% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 56,9% отпаѓаат на отплата на главнина, за што се потрошени 4.497 милиони денари, односно 27,5% од средствата планирани за оваа намена во 2019 година. По однос на каматни плаќања отпаѓаат 24,5% од вкупните расходи, за што се реализирани 1.938 милиони денари или 21,1% од планираното.

Министерството за образование и наука во периодот јануари - март 2019 година изврши буџетски средства во износ од 5.164 милиони денари, што е 19,8% од вкупниот буџет за 2019 година. Најголем дел од расходите (69,1%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 3.569 милиони денари или 24,8%

[2] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 16,5%, за што се потрошени 853 милиони денари, односно 23,2% од вкупно предвидените средства за тековната година.

Во периодот јануари - март 2019 година од страна на Министерството за внатрешни работи реализирани се вкупно 2.903 милиони денари, што претставува 26,5% од сопствениот буџет за 2019 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 66,8%, за што се потрошени 1.939 милиони денари или 25,2% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 22,9%, за што се реализирани 666 милиони денари или 33,7% од годишниот план.

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 2.743 милиони денари, што претставува 31,6% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, кои учествуваат со 97,8% во вкупните расходи, реализирани се 40,6% од планираните средства.

Министерството за одбрана во првите три месеци од 2019 година изврши буџетски средства во износ од 1.588 милиони денари, што е 19,1% од вкупниот буџет за 2019 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 60,5%, за што се реализирани 960 милиони денари, што претставува 24,2% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 25,2% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 400 милиони денари, односно 20,2% од вкупно предвидените.

Министерството за здравство во периодот јануари - март 2019 година реализираше буџетски средства во износ од 1.276 милиони денари, што е 19,7% од вкупниот буџет за 2019 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 51,5%, за што се потрошени 657 милиони денари или 22,9% од средствата наменети за тековната година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 38,4% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 490 милиони денари, односно 21,4% од вкупно предвидените.

Министерството за транспорт и врски во разгледуваниот период реализираше средства во износ од 409 милиони денари, што е 5,6% од вкупниот буџет за тековната година. Субвенциите и трансферите во вкупниот буџет на овој корисник имаат учество од 49,3% и за оваа намена извршени се средства во износ од 202 милиона денари, односно 28,2% од планираното.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## Буџетско салдо

Во првите три месеци од 2019 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 3.194 милиони денари, што претставува 0,46% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 3.402 милиона денари и претставува 0,49% од БДП.

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Новвработени и регистрирани невработени лица во АВРСМ

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Во периодот јануари – март 2019 година во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија регистрирани се вкупно 49.068 нови засновани работни односи. Вкупниот број новвработени во овој период е понизок за 6,0% во однос на истиот период од 2018 година.

Од вкупниот број новвработени, 40,9% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во март 2019 година 19,8% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во март 2019 година изнесува 194.560, од кои 106.242 се активни баратели на работа, а 88.318 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е зголемен за 1,5%.

Најголем дел од невработените лица (64,2%) се градско население, а според половата структура 53,4% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 61,8% од невработените се со непотполно средно образование или

помалку, 26,2% се со завршено средно образование, додека 12,0% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 47,5% од невработените припаѓаат на возрасната група 25 - 49 години. Според времето на чекање на вработување, 47,1% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 6,8% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во февруари 2019 година оствари годишен раст од 4,5%, а во однос на претходниот месец е пониска за 1,3%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Дејности на здравствена и социјална заштита (11,6%), Транспорт и складирање (10,0%) и Земјоделство, шумарство и рибарство (8,5%). Реалните плати во февруари забележаа годишен раст од 3,4%.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во февруари 2019 година оствари годишен раст од 5,6%, а во однос на претходниот месец е пониска за 1,3%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Дејности на здравствена и социјална заштита (13,4%), Транспорт и складирање (11,3%) и Градежништво (9,8%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 4,5%.

## Пензии

Во март 2019 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 317.264 пензионери, што претставува зголемување од 1,9% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е повисок за 1.672 лица. Од вкупниот број пензионери, 65,0% се корисници на старосна пензија, 23,9% се корисници на семејна пензија и 11,1% се корисници на инвалидска пензија.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.

Просечната пензија во март 2019 година изнесува 14.555 денари и е за 2,8% повисока во однос на истиот месец минатата година[3]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во февруари 2019 година (последни расположливи податоци) изнесува 59,4%.

Просечната старосна пензија во март изнесува 15.866 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 13.171 денар, а просечната семејна пензија 11.638 денари. За исплата на пензиите во март 2019 година се потрошени 4.474,45 милиони денари, што претставува 49,7% од вкупните социјални трансфери.

## *5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР*

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити
(март 2019 година)




Извор: НБРСМ.

Во март 2019 година, Народна банка на Република Северна Македонија ја намали основната каматна стапка за 0,25 п.п. односно од 2,50% на 2,25%, како резултат на задржаниот континуитет на поволни движења на девизниот пазар, што упатува на отсуство на притисоци во надворешниот сектор и стабилни согледувања на домашните субјекти, како и отсуство на ценовни притисоци. Дополнителен простор за монетарно олабавување создава и последната најава на ЕЦБ за задржување на каматните стапки на тековното ниво подолго од претходно очекуваното, како и за дополнително олабавување преку други монетарни инструменти. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

[3] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

## Примарни пари

Во март 2019 година, примарните пари[4] регистрираа раст од 6,8% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек од 12,0% и раст на вкупните ликвидни средства на банките од 0,5%.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа пад од 21,5%, како резултат на намалувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 39,7% додека готовите пари во оптек регистрираа раст од 0,7%.

## Депозитен потенцијал[5]

Вкупните депозити на банките во март 2019 година регистрираа раст од 0,4% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се намалија за 0,8%, додека депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 0,2%.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

Од аспект на валутата, во март 2019 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се зголемија за 0,4%, а депозитите во странска валута регистрираа раст од 0,5%.

Вкупниот депозитен потенцијал во март 2019 година оствари раст од 11,1% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 12,3% и 9,3%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата овој месец бележат раст од по 8,7%.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 7,5%, а долгорочните депозити за 11,3%.

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 59,3%.

---

[4] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[5] НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (март 2019 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **377.800** | **0,4%** | **11.1%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *224.170* | *0,4%* | *12,3%* |
| *Странска валута* | *153.630* | *0,5%* | *9,3%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *166.309* | *0,2%* | *7,5%* |
| *Долгорочни* | *106.021* | *0,7%* | *11,3%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **324.798** | **1,0%** | **9,0%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *192.899* | *1,0%* | *11,5%* |
| *Странска валута* | *131.899* | *1,1%* | *5,4%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *61.647* | *1,0%* | *11,2%* |
| *Долгорочни* | *243.452* | *1,1%* | *8,5%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *16.587* | *-0,4%* | *10,4%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во март 2019 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 1,0% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата и кредитите кон домаќинствата се зголемија за 1,1% и 1,0%, соодветно. Од аспект на валутата, во март 2019 година, на месечно ниво денарските и девизните кредити регистрираа раст од 1,0% и 1,1% соодветно.

На годишна основа, во март 2019 година вкупните кредити се зголемија за 9,0%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 9,7% и на кредитите кон претпријатијата од 8,4%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 11,5%, а кредитите во странска валута за 5,4%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,5%, а краткорочните кредити од 11,2%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во март 2019 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,02 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 5,26%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,01 п.п. и изнесува 5,74%, а каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,02 п.п. на месечно ниво и изнесува 4,69%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во март 2019 година изнесува 1,42% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити остана непроменета на месечно ниво и изнесува 1,95%, додека каматната стапка на девизните депозити се намали за 0,1 п.п. и изнесува 0,79%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во март 2019 година вкупниот промет на берзата регистрираше раст од 232,3% на месечно ниво, во услови на раст на прометот кај блок трансакциите и класичното тргување за 14,8% и 9,8%, соодветно. Зголемениот раст на вкупниот промет на берзата се должи и на тоа што во март 2019 година е остварен промет од јавна понуда на хартии од вредност во износ од 307,5 милиони денари.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во март 2019 година изнесуваше 995,5 милиони денари и истиот е намален за 71,4% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на март 2019 година изнесуваше 3.664,66 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 0,3%, а во однос на истиот месец претходната година е зголемен за 32,5%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на март 2019 година изнесуваа 2.866,4 милиони евра и во однос на претходниот месец се зголемени за 0,1%, а во однос на март 2018 година за 11,2%.